# Capacity building of CFCD and NF for management of EU Funds



This project is funded by the European Union

## SUCCESSFULLY IMPLEMENTED EU TWINNING LIGHT PROJECT

The Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA) offers assistance to countries engaged in the accession process to the European Union (EU) for the period 2007-2013. The aim of the IPA is therefore to enhance the efficiency and coherence of aid by means of a single framework in order to strengthen institutional capacity, cross-border cooperation, economic and social development and rural development. Pre-accession assistance supports the stabilisation and association process of candidate countries and potential candidate countries while respecting their specific features and the processes in which they are engaged.

The Beneficiary Country has received EU financial IPA support in the form of the Twinning light project "Capacity Building for the management of EU funds and IPA within the Central Financing and Contracting Department (CFCD) and the National Fund (NF)". Twinning is an initiative of the European Commission that was launched in 1998 in the context of the preparation for enlargement of the European Union. It was conceived as an instrument for targeted administrative co-operation to assist Candidate Countries to strengthen their administrative and judicial capacity to implement Community legislation as future Member States of the European Union.

The Beneficiary Country has selected a Member State Partner, Lithuania, to implement the project. The two partner countries reached the overall objective of the project and strengthened the administrative capacity of the Beneficiary Country to cope with the requirements for decentralised management of EU funds under the IPA Regulation. The cooperation between two countries helped government institutions, namely the National Fund, the National Authorising Officer (NAO) and the Central Financing and Contracting Department within the Ministry of Finance to manage EU funds according to the internal control standards set out in the Accreditation Criteria under the Decentralised Implementation System (DIS). Member State together with the Beneficiary Country strengthened procurement process, financial management, internal audit and irregularity of the CFCD and NF and assisted the beneficiary institutions in compliance with DIS Accreditation Criteria.

The implementation of the Twinning light project started on 1st July 2010 and will close on 1st January 2011. Experts from the Ministry of Finance and the Central Project Management Agency of the Republic of Lithuania had multiple missions in order to successfully implement the tasks foreseen by the project and to reach the mandated results together with their colleagues in the Beneficiary Country.

## УСПЕШНО СПРОВЕДЕН БРЗ ТВИНИНГ[1] ПРОЕКТ НА ЕУ

Инструментот за претпристапна помош (ИПА) овозможува помош во периодот 2007-2013 година на земјите кои го отпочнаа процесот на пристапување кон Европската унија (ЕУ). Оттука, целта на ИПА е да ја зголеми ефикасноста и кохерентноста на помошта преку една, единствена рамка заради зајакнување на институционалните капацитети, прекуграничната соработка, економско-социјалниот и руралниот развој. Претпристапната помош го поддржува процесот на стабилизација и асоцијација на земјите–кандидати и потенцијалните земји–кандидати, притоа почитувајќи ги карактеристиките и процесите во кои се инволвирани истите.

Преку Инструментот за претпристапна помош, земјата корисник се стекна со ЕУ финансиска поддршка во форма на брз твининг: „Зајакнување на капацитетите за управување со ЕУ средства и ИПА во Секторот за централно финансирање и склучување на договори и Националниот фонд". Твининг механизмот претставува иницијатива на Европската комисија за прв пат воспоставен во 1998 година заради подготовка за проширување на Европската унија. Истиот беше замислен како инструмент за конкретна административна соработка преку кој земјите–кандидати, како идни земји членки на Европската унија, ќе ги зајакнат своите административни и правосудни капацитети, со цел, имплементирање на законодавството на Заедницата.

За имплементација на овој проект, земјата корисник ја избра Литванија како свој твининг партнер. Двете земји партнери ја постигнаа генералната цел на проектот и ги зајакнаа административните капацитети на земјата корисник за успешно справување со барањата за децентрализирано управување на ЕУ фондовите пропишани во ИПА Регулативата. Соработката помеѓу двете земји им помогна на институциите-кориснички, поточно на Националниот фонд (НФ), Националниот координатор за авторизација (НАО) и Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) при Министерството за финансии во управувањето на ЕУ фондовите во согласност со стандардите за внатрешна контрола пропишани во акредитациските критериуми за системот за децентрализирано управување (ДИС). Твининг партнерот и земјата корисник ги зајакнаа процесите на јавни набавки, финансиско управување, внатрешна ревизија и детектирање на нерегуларности во рамките на ЦФЦД и НФ и воедно им помогнаа на институциите-кориснички при усогласувањето со акредитациските критериуми на системот за децентрализирано управување (ДИС).

Имплементацијата на овој твининг проект започна на 1 јули 2010 година и ќе заврши на 1 јануари 2011 година. Експерти од Министерството за финансии и Централната агенција за управување со проекти на Република Литванија имаа повеќекратни мисии со цел успешно имплементирање на задачите предвидени со проектниот договор и постигнување на задолжителните резултати во соработка со колегите од страна на земјата корисник.

[1] Брз твининг (лесен) – Twinning Light

## BENEFICIARY INSTITUTIONS OF THE PROJECT

The Central Financing and Contracting Department together with the National Fund and Lithuanian partners implemented the Twinning light project.

## CENTRAL FINANCING AND CONTRACTING DEPARTMENT

The Central Financing and Contracting Department (CFCD) is a Department within the Ministry of Finance, responsible for sound financial management of the projects financed under the following IPA Components:

- IPA Component I - Transition Assistance and Institution Building,
- IPA Component II - Cross Border Cooperation,
- IPA Component III - Regional Development,
- IPA Component IV - Human Resources Development.

CFCD acts as a Lead Body as well as a Contracting Authority in the Operating Structures for IPA Components I-IV under Decentralised Implementation System (DIS), having sole responsibility for tendering, contracting and payments concerning EU funded projects.

The Head of CFCD is also designated as Programme Authorising Officer for IPA Components I and II and as Head of the Operating Structures (HOS) for IPA Components III-IV.

Tasks regarding programming, technical implementation and monitoring of contracts implementation are delegated to the respective Line Ministries/ Beneficiary Institutions with the Operational Agreements signed between PAO/HOS and Senior Programme Officers (SPO)/ IPA Coordinators.

CFCD supervises the overall implementation of projects and PAO/HOS retains overall responsibility for the projects implementation and ensures effective supervision of the proper implementation of the tasks delegated to the SPO/ IPA Coordinators.

The CFCD comprises four units:

- EU Procurement and Contracting Unit,
- Finance Unit,
- General Affairs and Control Unit, and
- Programme Monitoring Unit.

**Please contact us:**

Central Financing and Contracting Department
Ministry of Finance
Dame Gruev 14, 1000 Skopje
phone: + 389 (0)2/3106-672
fax: +389 (0)2/3231-219
web-site: http://cfcd.finance.gov.mk

## ИНСТИТУЦИИ КОРИСНИЧКИ НА ПРОЕКТОТ

Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) заедно со Националниот фонд (НФ) и литванските партнери го имплементираа овој твининг проект.

## СЕКТОР ЗА ЦЕНТРАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

Секторот за централно финансирање и склучување на договори е Сектор во рамките на Министерството за финансии одговорен за сигурно финансиско управување со проектите финансирани преку следните ИПА Компоненти:

- ИПА Компонента I – Помош при транзиција и институционална надградба,
- ИПА Компонента II – Прекугранична соработка,
- ИПА Компонента III – Регионален развој,
- ИПА Компонента IV – Развој на човечки ресурси.

ЦФЦД претставува водечко договорно тело во Оперативната структура за првите четири ИПА Компоненти во рамките на системот за децентрализирано управување (ДИС), имајќи ја целата одговорност за спроведување на тендерски постапки, склучување на договори и плаќање на проектите финансирани од страна на ЕУ.

Раководителот на ЦФЦД е назначен како Програмски службеник за авторизација (ПАО) за првите две ИПА Компоненти како и Раководител на оперативната структура (ХОС) за третата и четвртата ИПА Компонента.

Задачите кои се однесуваат на програмирање, техничко спроведување и следење на спроведувањето на договорите се делегирани на соодветните ресорни министерства/ институции кориснички преку Оперативни договори кое се потпишани помеѓу ПАО/ХОС и Вишите програмски службеници (СПО)/ ИПА Координаторите.

ЦФЦД е одговорен за следење на целокупното спроведување на проектите, додека ПАО/ХОС е целосно одговорен за спроведувањето на проектите и ефективно следење на извршувањето на задачите делегирани на СПО/ ИПА Координаторите.

ЦФЦД се состои од четири одделенија:

- Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори,
- Одделение за финансиски работи,
- Одделение за контрола и општи работи,
- Одделение за следење на програми.

**Контакт информации:**

Сектор за централно финансирање и склучување на договори
Министерство за финансии
Даме Груев 14, 1000 Скопје
тел: + 389 (0)2/3106-672
факс: +389 (0)2/3231-219
интернет страница: http://cfcd.finance.gov.mk

## NATIONAL FUND

The National Fund is an entity consisted of two units (Financial Management Unit and Financial and System Control Unit) within the Treasury Department in the Ministry of Finance and acts as a central treasury body in charge of tasks of sound financial management and financial control of assistance under the IPA Regulation. It is particularly in charge of organising bank accounts, requesting funds from the Commission, authorising the transfer of funds received from the Commission to the Operating Structure, and financial reporting to the Commission for all five IPA components.

The NF is responsible for ensuring efficient and effective functioning of the management and control systems.

The National Authorising Officer (NAO) is a high ranking official of the Ministry of Finance, heading the National Fund and being entrusted with the overall responsibility for the financial management of EU funds, and effective functioning of the management and control systems.

The objectives of the legality and regularity of the financial transactions are: providing assurance about the regularity and legality of underlying transactions, drawing up and submitting to the Commission certified statements of expenditure and payment applications, verifying the existence and correctness of the co-financing elements, ensuring the identification and immediate communication of any irregularity, making financial adjustments required in connection with irregularities detected.

The objectives of the management and control system (second function of NAO) are: issuing, monitoring, suspending or withdrawing the accreditation of the Operating Structure, ensuring that the system of internal control concerning the management of funds is effective and efficient, ensuring the existence and effective functioning of systems of management of assistance, reporting on the management and control systems, ensuring that a proper reporting and information system is functioning, follow up the findings of audit reports from the audit authority.

NAO submits annual statement of assurance to the European Commission, as assurance for the efficient functioning of the management and control systems and for the legality and the regularity of the main financial transactions.

NAO is the contact point for financial information sent between the European Commission and the Beneficiary Country.

**Please contact us:**

National Fund
Ministry of Finance
Dame Gruev 14, 1000 Skopje
Phone:00 389 (0)2 3 106 156
Fax: 00 389 (0)2 3 106 146

## НАЦИОНАЛЕН ФОНД

Националниот фонд е тело составено од две одделенија (Одделение за финансиски менаџмент и Одделение за финансиска и системска контрола на ЕУ-ИПА средствата) во рамките на Секторот за трезор во Министерството за финансии и претставува централно трезорско тело одговорно за сигурно финанасиско управување и финансиска контрола на помошта пропишана во ИПА регулативата. НФ е особено одговорен за организирање на банкарски сметки, поднесување на барање за финанасиски средства од Европската комисија, авторизирање на финанасиските средства добиени од Европска комисија до Оперативната структура и финанансиско известување за сите пет (5) ИПА Компоненти до Европската комисија.

НФ е одговорен за обезбедување на ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување и контрола.

Националниот координатор за авторизација (НАО) е раководен државен службеник во Министерството за финансии, раководител на НФ на кого му е доверена целосната одговорност за финансиско управување со ЕУ средствата и за ефективно функционирање на системите за управување и контрола.

Целите на легалноста и регуларноста на основните финансиски трансакции вклучуваат: обезбедување гаранција за редовноста и законитоста на основните трансакции, изготвување и поднесување заверени изводи од трошоци и повикувања за наплата до ЕК, барања на средства од ЕК, постоење и точност на елементите за кофинансирање, идентификација и навремено известување за секоја неправилност и сите финансиски приспособувања во врска со пронајдени неправилности.

Целите на функционирањето на системите за управување и контрола (втора функција на НАО) се: издавање, следење, одложување и повлекување на акредитацијата на оперативните структури, обезбедување дека системот на внатрешна контрола во врска со управувањето на средствата е ефективен и ефикасен, постоење и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола, известување за системите за управување и контрола, обезбедување дека системот за известување и за информирање правилно функционира и следење на наодите од извештаите за ревизија добиени од ревизорското тело.

НАО поднесува годишна изјава за управувањето, во форма на изјава за гаранција, до Европската комисија, која претставува потврда за ефикасното функционирање на системите за управување и за контрола и за обезбедување на легалноста и регуларноста на основните финансиски трансакции.

НАО претставува контакт точка за финансиски информации помеѓу Европската комисија и земјата– корисник.

**Контакт информации:**

Национален фонд
Министерство за финансии
Даме Груев 14, 1000 Скопје
Телефон: + 389 (0)2 3 106 156
Факс: + 389 (0)2 3 106 146